Република Северна Македонија
Инспекциски совет

Арх. број: 03-20/3
Датум: 08.01.2021

ДО

Асоцијација за развојни иницијативи – Зенит Скопје
ул. „Ѓуро Ѓаковиќ ", бр. 72/2-16
Скопје
Република Северна Македонија

ПРЕКУ

Стеван Томовски
Ул. „Христо Смирненски", бр. 6
Скопје
Република Северна Македонија
(stiv.t@t.mk )

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер
Врска (Ваш број):

Почитуван г-н Томовски,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-20/2 од 05.01.2021 година, кое Ви е доставено во прилог на овој Одговор.

Во тој контекст, во однос на Вашето прво прашање наведено во Вашето Барање, Ве известуваме дека, до моментот на изготвување на овој Одговор на Вашето Барање:

- Инспекцискиот совет нема законски пропишана обврска, ниту пак надлежност да има увид во практичната имплементација на пропишаната обврска со членовите 47 и 55 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија", бр. 12/2019). Следсвено на тоа Инспекцискиот совет, не располага со информација, како формално се известуваат новите службени лица за ограничувањата.

Во однос на Вашите прашања наведени под редните броеви: 2, 3 и 4 во Барањето, Ве известуваме дека во Инспекцискиот совет не постојат никакви евиденции, ниту пак записи, врз основа на коишто би можело да се одговори на истите. Последното е од причина што не постои било каква пропишана обврска, ниту друг правен основ, со којшто државните органи и институции се должни да го известуваат Инспекцискиот совет, односно со којшто Инспекцискиот совет е должен да:

-ги информира службените лица на кои им престанува службата при примопредавање на должностите, за ограничувањата;

-да располага со податоци во врска со тоа, дали ограничувањата се предмет на обуки наменети за администрацијата и за избраните и именувани лица; и

- да води евиденција за службените лица од јавниот сектор кај субјекти од приватниот сектор кај кои е вршен надзор или со кои имале воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности, со цел да може да се следите дали истите се вработуваат кај субјекти од приватниот сектор.

Во однос на Вашите прашања наведени под редните броеви: 5, 6 и 7 во Барањето, Ве известуваме дека истите не спаѓаат во делокругот и надлежностите на Инспекцискиот совет, коишто се утврдени со член 18 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019).

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

Даниела Рендевска
Генерален секретар

Подготвил: Елизабета Кучера, советник